# ВТОРА ОЦЕНКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ПОСТОЕЧКИТЕ ЈАВНИ ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ И АЛАТКИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

**Август 2022**

METAMORPHOSIS
Foundation for Internet and Society

ABA
AMERICAN BAR ASSOCIATION
Rule of Law Initiative

**Автор: Арбен Гудачи**

Оваа публикација е подготвена во рамки на проектот „Техничка и интегрирана заштита на лични податоци-градење инклузивен дигитален екосистем“, поддржан од ABA ROLI, а спроведуван од Фондација Метаморфозис. Содржината од оваа публикација е единствена одговорност на Фондација Метаморфозис и авторите и на ниеден начин не ги одразува ставовите на ABA ROLI.

# СОДРЖИНА

МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ ОД СТРАНА НА ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

........................................................................................................................................3

ОЦЕНКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ДИГИТАЛНИТЕ ЈАВНИ УСЛУГИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

........................................................................................................................................4

ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ВО ОДНОС НА ПРОГРЕСОТ НАПРАВЕН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

........................................................................................................................................7

# МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ОЦЕНУВАЊЕ НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕТО ДИГИТАЛНИ УСЛУГИ ОД СТРАНА НА ВЛАДИНИТЕ ИНСТИТУЦИИ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Втората оценка на усогласеноста на обезбедените дигитални услуги од страна на владините институции со Законот за заштита на личните податоци (ЗЗЛП) за период јули-август 2022 година, се врши како follow-up на извршена оценка и подготвен **извештај за оценување на усогласеноста на обезбедените услуги од страна на владините институции со ЗЗЛП, во месец март 2022 година.**

Анализата и оценувањето се врши врз основа на претходната подготвена и користена **методологија** и дадените заклучоци и препораки од страна на авторите со цел следење на резултатите и промените направени до страна на владините институции.

Главната цел на истражувањето е да се процени напредокот на испораката на дигиталните услуги и нивната усогласеност со ЗЗЛП.

Единствена разлика во методолошкиот пристап на подготвување на оваа анализа се однесува на тоа што во оваа анализа прибирање на податоци се врши единствено преку онлајн набљудување односно анализирање на веб-страниците и онлајн апликациите каде што се нудат дигиталните услуги врз основа на параметрите поставени методологијата. Дополнително, во овој извештај преку онлајн набљудување се следи и дигитализацијата на услуги кои се нудат од страна на владините институции а кои се планирани да се дигитализираат до крај на 2022 година.

# ОЦЕНКА НА УСОГЛАСЕНОСТА НА ДИГИТАЛНИТЕ ЈАВНИ УСЛУГИ СО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

| **Контролор** | **Дигитална услуга** | **Дефинирање на дигиталните услуги и нивната достапност** | **Транспарентност на обработката на личните податоци** | **Предвидени технички и организациски мерки за заштита на личните податоци** | **Вкупна оценка** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Министерство за внатрешни работи** | Закажување на термин за лични документи (лична карта, патни исправи, возачка дозвола) | 1/5 | 2/8 | 1/6 | 4/19 |
| **Министерство за финансии** | Е-сервиси | 0/5 | 4/8 | 3/6 | 7/19 |
| | Е-обврски | 2/5 | 3/8 | 5/6 | 10/19 |
| | Е-циркулар | 3/5 | 0/8 | 3/6 | 6/19 |
| | Е-аукции | 3/5 | 0/8 | 2/6 | 5/19 |
| | ФАМА | 1/5 | 0/8 | 2/6 | 3/19 |
| | Електронски систем за пријавување на обврски | 2/5 | 0/8 | 4/8 | 6/19 |
| | Е-пресуди | 2/5 | 0/8 | 2/6 | 4/19 |
| **Царинска управа** | Нов компјутеризиран транзит систем | 1/5 | 0/8 | 2/6 | 3/19 |
| | Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи | 3/5 | 5/8 | 4/6 | 12/19 |
| | EXIM | 2/5 | 0/8 | 3/6 | 5/19 |
| | Интегрирана тарифна околина | 1/5 | 0/8 | 2/6 | 3/19 |
| | Портал за електронска комуникација | 1/5 | 4/8 | 4/6 | 9/19 |
| | Систем за обработка на декларации и акцизни документи (АСИКУДА) | 3/5 | 4/8 | 2/6 | 9/19 |
| **Управа за јавни приходи** | Електронски услуги за даночни обврзници | 3/5 | 1/8 | 3/6 | 7/19 |
| | Електронска услуга за пријавување на персонален данок | 2/5 | 1/8 | 3/6 | 6/19 |
| | Електронски аукции | 3/5 | 3/8 | 2/6 | 8/19 |
| | Поврат на ДДВ | 2/5 | 0/8 | 3/6 | 5/19 |
| **Управа за финансиско разузнавање** | Доставување на извештаи до УФР | 2/5 | 3/8 | 4/6 | 9/19 |
| | Пријави кривично дело | 1/5 | 6/8 | 1/6 | 8/19 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Министерство за правда** | База на закони, подзаконски акти и други прописи | 1/5 | 0/8 | 1/6 | 2/19 |
| **Управа за водење на матични книги** | Е-портал за издавање на изводи од матични книги | 3/5 | 3/8 | 4/6 | 10/19 |
| **Биро за судски вештачења** | Барање за услуга – вештачење, процена, стручна анализа | 2/5 | 0/8 | 1/6 | 3/19 |
| **Министерство за транспорт и врски** | е- дозволи: одобрение за градење, доградба и надградба; барање за измени во текот на изградбата; барање за промена на инвеститор, барање за издавање на одобрение за употреба на градба; барање за издавање на одобрение за реконструкција; Барање за издавање на одобрение за пренамена; барање за издавање на одобрение за адаптација; барање за одобрение на подготвителни работи; барање за одобрување на идеен проект и барање за издавање на решение за изведување на градби за кои не е потребно одобрение за градење. | 3/5 | 0/8 | 4/6 | 7/19 |
| **Државен инспекторат за транспорт** | Претставка за работа на инспектор | 4/5 | 6/8 | 2/6 | 12/19 |
| **Државен инспекторат за градежништво и урбанизам** | Онлајн претставка | 3/5 | 7/8 | 4/6 | 14/19 |
| **Министерство за економија** | Е-концесии | 4/5 | 3/8 | 3/6 | 10 |
| | Е-аукции | 3/5 | 4/8 | 5/6 | 12 |
| | Информации за EXIM | 4/5 | 3/8 | 3/6 | 10 |
| **Државен пазарен инспекторат** | Пријава од граѓани | 4/5 | 7/8 | 3/6 | 14 |
| **Државен инспекторат за техничка инспекција** | Онлајн контакт форма | 4/5 | 7/8 | 2/6 | 13 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Државен инспекторат за земјоделство** | Е-услуги: | 3/5 | 7/8 | 3/6 | 13 |
| | Фитосанитарни барања | 2/5 | 0/8 | 4/6 | 6 |
| | Извоз на вино | 3/5 | 0/8 | 1/6 | 4 |
| | Уверение за квалитет | 3/5 | 0/8 | 1/6 | 4 |
| | Утврдување на услови | 3/5 | 0/8 | 1/6 | 4 |
| | Едношалтерски систем за увоз, извоз и трансфер на стоки – EXIM | 2/5 | 7/8 | 1/6 | 10 |
| Државен инспекторат за шумарство и ловство | Претставка за работење на инспектор | 4/5 | 7/8 | 1/6 | 12 |
| Министерство за информатичко општество и администрација | Систем за управување со учење | 2/5 | 3/8 | 3/6 | 8 |
| | www.uslugi.gov.mk | 3/5 | 3/8 | 5/6 | 11 |
| Министерство за труд и социјална политика | Мобилна апликација за пријавување насилство | 2/5 | 3/8 | 3/6 | 8 |
| Државен инспекторат за труд | Поднесување на претставка од физичко или правно лице и анонимна претставка | 3/5 | 6/8 | 3/6 | 12 |
| Министерство за образование и наука | Информатички систем за нарачка и дистрибуција на бесплатни учебници | 2/5 | 2/8 | 3/6 | 7 |
| Фонд за пензиското и инвалидското осигирување | www.piom.com.mk | 1/5 | 3/8 | 1/6 | 5 |
| Фонд за здравствено осигурување | https://fzo.org.mk/pristap-web-portal-e-uslugi | 3/5 | 2/8 | 3/6 | 8 |
| Министерство за здравство | www.vakcinacija.mk | 1/5 | 4/8 | 5/6 | 10 |
| | MK Wallet | 2/5 | 4/8 | 3/6 | 9 |
| Агенција за катастар на недвижности | OSSP (katastar.gov.mk) | 4/5 | 5/8 | 4/6 | 13 |
| | I-kat мобилна апликацијаg | 2/5 | 1/8 | 3/6 | 6 |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | https://ewmis.moepp.gov.mk/ | 0/5 | 0/8 | 2/6 | 2 |

# ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ВО ОДНОС НА ПРОГРЕСОТ НАПРАВЕН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

Врз основа на добиените резултати и споредбата со претходниот извештај, можеме да дојдеме до генерален заклучок дека со исклучок на три институции, кои имаат видлив напредок во процесот на усогласување, останатите немаат никаков прогрес од претходниот извештај. Имено, Државен инспекторат за градежништво и урбанизам има направено значителен прогрес во делот на транспарентноста со поставување на политика за приватност на веб-страницата. Во претходниот извештај во делот на транспарентност оваа веб-страница беше оценета со 0 поени, а во овој извештај истата се цени со 7 поени. Ограничен напредок има и на веб страницата на Управа за финансиско разузнавање каде што во делот на транспарентност се добиени дополнителни 2 бодови, како и на веб-страницата на Агенцијата за катастар на недвижности каде има дополнителен 1 поен во делот на транспарентност.

Со оглед на ограничениот напредок во процесот на усогласување со Законот за заштита на личните податоци, во овој извештај констатираме дека остануваат да важат сите претходни заклучоци и препораки со тоа што дополнително ќе се утврдат заклучоци за причините кои се смета дека не е постигнат поголем напредок во делот на усогласување со законот.

Ограничениот напредок може да биде резултат на повеќе фактори, и тоа:

**ЗАКЛУЧОК 1:** Краток и специфичен период за мерење на резултатите. Втора причина поради која се смета дека е мал број на институции кои имаат напредок во нивото на усогласување е и краткиот временски период поминат од претходниот извештај. Имено, првиот извештај за анализата на дигиталните услуги е направено во март 2022, а веќе во јули-август се врши мерење на прогресот по објавениот извештај. Иако, реално, четири месеци се доволно време за постапување по дадените препораки особено во делот на транспарентноста, но имајќи предвид дека во летниот период претежно државната администрација користи одмори, потребно е подолг период за мерење на резултатите и постигнатиот напредок.

**Препорака 1:** До следниот извештај за мерење на напредокот се препорачува да помине минимум од 6 месеци од денот на доставување на извештајот до офицерите за заштита на личните податоци.

**ЗАКЛУЧОК 2:** Недоволно екипирање во институциите. Во огромно мнозинство на институциите, улогата на офицер за заштита на личните податоци се дадени на вработени кои веќе се ангажирани на повеќе работни задачи, сметајќи го истото како формалност кое произлегува од законот. Ваквата поставеност на офицерот не дозволува негово/нејзино усовршување и професионално завршување на задачите кои произлегуваат од законот. Офицерот во согласност со законот треба да биде самостоен во извршување на своите задачи.

**Препорака 2:** Законот предвидува дека офицерот може да врши и други задачи кај контролорот, што речиси секогаш е случај, но другите задачи не треба да го попречуваат да постапува во согласност со своите овластувања како офицер за заштита на личните податоци. При назначување на офицерот институциите треба да ја имаат предвид и подготвеноста на офицерот за исполнување на дадените задачи, како и времето кое е потребно за соодветно завршување на работните задачи.

**ЗАКЛУЧОК 3:** Несоодветно комуницирање на препораките со соодветните институции. Една од причините поради кои се смета дека е низок бројот на институции кои презеле конкретни чекори за подобрување на усогласувањето на услугите кои ги даваат со Законот за заштита на личните податоци може да биде и несоодветното комуницирање на извештајот и препораките до надлежните институции.

**Препорака 3:** Комуницирање на извештајот до предметните институции претставува добар чекор кон нивно запознавање со актуелната состојба и дефинираните параметри по кои истите треба да се водат при нивното усогласување со законот. Голем дел од институциите немаат поставено контакт информации за офицерот за заштита на личните податоци, кој би бил надлежен да го добие извештајот и да направи соодветен акциски план за постапување. Со испраќање на е-пошта до контакт адресите поставени на веб-страниците најчесто не се постигнуваа конкретната цел, подигнување на свеста на самата институција за заштитата на личните податоци. Извештајот и препораките да се споделат со офицерите за заштита на личните податоци на сите институции во Република Северна Македонија.